ООУ ,,Свети Кирил и Методиј“, Центар-Скопје

*Според ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) член 7 алинеа 12 ООУ „Свети Кирил и Методиј“-Скопје, Центар изготви*

**ПРОЦЕДУРА**
**за грижа на ученици кои подолго отсуствуваат од наставата**
**(хронично заболување или посериозни повреди)**

Во текот на својот раст и развој кај некои деца се јавуваат нарушувања на здравјето и доаѓа до појава на хронични заболувања кои претставуваат потешкотија за нивниот правилен раст и развој. Понекогаш се случува децата да се здобијат и со посериозни повреди кои бараат подолготрајно отсуство од наставата.

Со цел да им се помогне на овие ученици, во училиштето се предвидени следниве активности:

1. Идентификација на сите деца со хронични заболувања и повреди;.
2. Евидентирање од страна на одделенските и класните раководители на оние ученици кои имаат вакви потешкотии;
3. Во соработка со родителите, одделенските и класните раководители бараат информации за периодот за отсуство на детето (наод и мислење од лекар, медицинска потврда и сл.);
4. Оние наставници што треба да работат со децата подготвуваат скратена наставна програма која треба да се реализира со учениците;

Наставникот секојдневно по електронски пат му испраќа на родителот што се е работено во текот на денот ( лекции, наставни ливчиња);

Добивање на повратна информација за срабоеното од страна на ученикот, преку електронски пат;

Секој родител чие дете подолго е отсутно од училиште, како и останатите родители, имаат пристап до е – дневникот, каде се евидентирани сите активности во текот на еден училишен ден;

Наставникот треба да биде во секојдневна комуникација со родителит чие дете подолго отсуствува од настава, со цел да се види како ученикот напредува од дома по дадените активности;

ул.1737 бр.1, Центар-Скопје, Република Северна Македонија, тел (02) 3164357,
факс (02) 3213799 е-пошта oukimsk@yahoo.com

Ако се работи за подолго отсуство на учениците (1-3 месеци ), наставникот го посетува ученикот и дава упатства и инструкции за работа на ученикот дома;

Наставникот му дава објаснување на родителот како да му помага на детето за совладување на наставниот материјал со давање на потребна помош од страна на наставникот ( доколку има потртеба за тоа);

Работата на ученикот, наставникот редовно ја следи според горе наведените начини и доколку има потреба по враќање на ученикот од боледување организира дополнителна настава;

Доколку и покрај помошта која е дадена од страна на наставникот и родителот, ученикот не се стекнал со доволно знаење, согласно наставните планови и програми, за време на боледувањето, истиот се упатува на полагање класен испит.

**Изработиле:** Директор

Сoња Кирковска

**Гордана Букревска;**
**Нела Слезенкова**